РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-193/9
9.05.2025 година
С К О П Ј Е

## ЗАПИСНИК
**од двесте триесет и третата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 24 април 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 24 април 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте и триесет и третата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО (присутна преку вибер апликација, со овозможена аудио и видео врска), Беса Адеми, член на УО, Башким Бесими, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, откако го констатираше присуството на членовите на Управниот одбор во полн состав и на директорот на Академијата, премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 231-ва и 232-ра седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на одлука за именување на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители.
3. Разно.

Со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање вака предложениот дневен ред и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записник од 231-ва и 232-ра седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа дека никој не побара збор, Записниците од 231-ва и 232-ра седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беа ставени на гласање и истите беа едногласно усвоени од страна на сите присутни членови на Управниот одбор на Академијата.

Наредна точка на дневен ред беше **втората точка** - донесување на одлука за именување на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор истакна дека Извештајот од Комисијата за спроведување на постапката за именување на заменик на директорот на Академијата е навремено доставен до сите членови на Управниот одбор во материјалите за седницата. Претседателот на Управниот одбор посочи дека согласно доставениот Извештај, Комисијата утврдила дека навремено е пристигната една пријава по објавениот оглас за именување на заменик директор на Академијата и тоа од страна на кандидатот судија м-р Илир Исени кој ги исполнува предвидените законските услови од член 15 од Законот за Академијата на судии и јавни обвинители, по што Комисијата дала позитивно мислење за негово именување за заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори можност за дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека никој од присутните не се пријави за збор, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот судија м-р Илир Исени да биде именуван за заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, со времетраење на мандат од четири години, без право на повторен избор и истиот предлог беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор на Академијата. Претседателот на Управниот одбор ја задолжи стручната служба на Академијата за ова прашање да изготви формална одлука и од името на Управниот одбор на Академијата на заменикот на директорот на Академијата му посака успешна работа.

**Последна точка** на дневен ред беше точката разно. Претседателот на Управниот одбор на Академијата и даде збор на директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски. Директорката на Академијата истакна дека како и досега, согласно Деловникот за работа на Управниот одбор на Академијата, во материјалите за оваа седница, под точка Разно е доставена исплатна листа за надоместокот на членовите на Управниот одбор за месец март 2025 година. Освен тоа, директорката истакна дека во материјалите за седницата се и доставениот допис од Академијата до Министерството за правда на РСМ како и одговорот од Министерството за правда на РСМ по однос на истиот, а во однос на номинацијата

на нов член во Програмскиот совет од Министерството за правда. Претседателот отвори дискусија по однос на ова прашање.

За збор се јави членот на Управен одбор, м-р Антоанета Димовска, која постави прашање што се случува со деветтата генерација почетна обука на Академијата, бидејќи на седница на Судскиот совет, на кој е член, а воедно и член на Управниот одбор на Академијата, и било поставено истото прашање. Директорката на Академијата одговори дека по однос на ова прашање добиен е одговор од Министерството за финансии на РСМ, преку Судскиот буџетски совет и дека седницата на Управниот одбор закажана за 29.04.2025 година е за таа цел и со таа точка на дневен ред – донесување одлука за деветата генерација почетна обука во Академијата. За збор се јави членот на Управен одбор, судија Беса Адеми која посочи дека на 29.04.2025 година има Општа седница во Врховниот суд и не би била во можност да присуствува на седницата, по што замоли да се определи друг термин за наредната седница на Управниот одбор. По кратка дискусија во однос на терминот за наредната седница, беше договорено истата да се одржи на 13.05.2025 година, во 12.30 часот, кој термин беше прифатлив за сите членови на Управнот одбор.

Во однос на дописот доставен од Министерството за правда на РСМ, беше дискутирано дали истиот да се разгледа на оваа или на наредната - 234 седница на Управниот одбор, на што членот на Управниот одбор, м-р Антоанета Димовска истакна дека не гледа причина за одложување на решавањето по однос на ова прашање.

Членот на Управен одбор, Радица Лазареска Геровска истакна смета дека ова прашање треба да се разгледа на оваа седница на Управниот одбор бидејќи нема причина за одложување и дека назначеното лице Андреја Весов ги исполнува законски предвидените услови, за разлика од претходниот назначен член.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој посочи дека според него спорен момент е тоа што Управниот одбор нема донесено одлука за престанок на мандатот на претходниот член во Програмскиот совет, по што би можело да се разгледува прашањето за новоназначениот член во Програмскиот совет од Министерството за правда.

За збор се јави судија д-р Али Алиу кој го изнесе своето мислење дека можеби е подобро ова прашање да се разгледа на наредната седница на Управниот одбор како втора точка на дневен ред.

Со оглед на тоа дека немаше понатамошна дискусија, претседателот на Управниот одбор, судија м-р Бесник Авдија го стави на гласање предлогот на судија д-р Али Алиу - ова прашање да се разгледа на наредната седница на Управниот одбор како точка на дневен ред, кој предлог беше усвоен со осум гласа ЗА и еден глас ПРОТИВ – од Членот на Управен одбор, Радица Лазареска Геровска.

Со оглед на тоа дека сите точки беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 233-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

_______________________

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси